Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-885/3

Датум: 06. 10. 2023

До

[redacted]

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин [redacted],

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-885/1 од 19.09.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted] и по пошта, препис од следната информација:

1. Делот од Записник од 321-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 24.08.2023 година, на кој Советот ги разгледал претставките заведени во Советот по број:
   - УПП 16-128\2023 од 05.05.2023 година, УПП 16-127\2023 од 05.05.2023 година, УПП 16-183/2023 од 13.06.2023 година, УПП 16-193/2023 од 19.06.2023 година и УПП 16-282/2023 од 25.08.2023 година, како и предходно поднесените претставки со бр. УПП 16- 91\2023 од 20.03.2023, УПП 16-112\2023 од 19.04.2023 година, УПП 16-115\ 2023 ,УПП 16- 116 \2023 од 27.06.2023 година против работењето на инспекторите Васе Ефимов и Димитар Терзиев кои постапувале по предметот ИП 1 бр.14- 768\ 3 од 23.03.2023 година по кои предмети бил оформен предмет во Инспекцискиот совет со бр.УПП 16-485 по Записник за извршен сеопфатен вонреден инспекциски надзор во Боречка Федерација РСМ.
   - УПП 16- 134 \ 2023 од 05.05.2023 година – претставка против известување на Државниот инспектор за спорт Васе Ефмов кој постапувал по предметот 14-602\ 1 од 09.03.2023 годна .
2. Сите други документи ( иницијатива за поведување на дисциплинска постапка и слично) ко произлегуваат согласно севкупната анализа на актите

кои произлегуваат од постапувањето на инспекторите за спорт Васе Ефтимов и Димитар Терзиев.

3. Покана за одржување на 321- та седница на Инспекцискиот совет одржана на 24.08.2023 година.

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, од дел од Записникот од 321-та редовна седница на Инспекцискиот совет. Приложената заверена копија се однесува на содржината на расправата и усвоениот заклучок по точка 6 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи: „Информација за постапување по извршен сеопфатен надзор во Боречка Федерација на РСМ 16-485 од 28.04.2023 година – Област 6"; и по точка 7 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи: „Барање за дисциплинска постапка против инспекторите за спорт Васе Ефтимов и Димитар Терзиев АМС бр. 16-841 од 31.08.2023 година - Област 6.

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Барање за поднесување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против инспектори за спорт за сторен дисциплински престап;

- Заверена копија – верна на оригиналот, од иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001 и Димитар Терзиев со број на лиценца А270440002 издадена на 07.07.2022 година ;

- Заверена копија – верна на оригиналот, од Покана за одржување на 321-та седница на Инспекцискиот совет одржана на 07.09.2023 година.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги совдал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Андријана Алексова,помлад соработник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор